РЕЦЕНЗИЈА

# Сликарство со став и порака

Tweet
Like 0 Share
2 мај 2008 - 17:10

Кон изложбата на Атанас Ботев во Културно-информативниот центар во Скопје



Атанас Ботев (род. 1973) својата изложба ја насловува со прашањето "Што е деконструкција? (Дали философијата на Дерида е производ на неговото конзумирање на хашиш?)" укажувајќи на своите тематски и философски преокупации во сликарството базирано на традиционалната техника. Неговото сликарство, се разбира не нуди одговори, туку сугерира нови ангажирани теми поврзани со некои клучни прашања за нашата современа опстојба во светот. Ботев е сликар кој настојува да формира свој став и порака користејќи го сликарството како изразно средство. Меѓутоа, во преден план изби скандалот со повлекувањето на рекламниот плакат на кој беше репродуцирано платното "60 години егзодус" направено во чувствителен политички момент за Македонија. На платното според фотографијата, наизглед мирно е насликано семејството на неговиот дедо во Егејска Македонија. Меѓутоа, врз грчкото знаме, во левиот горен агол наместо крст е насликана свастика, архаичен симбол кој добива определени политички конотации за грчката официјална политика. Сликарството на Ботев, всушност е исполнето со нагласена психолошка и емотивна тензија која наоѓа

израз во иронично - циничните и гневни толкувања на стварноста оптоварена со тешки проблеми и прашања.

Авторот си поставил преамбициозна, всушност неостварлива задача. Во едно интервју тој ќе рече: "Се обидувам да направам синтеза на историјата, уметничките правци и идеологии од поблиското и подалечното минато, да ги редефинирам, актуелизирајќи го нивното значење денес, не заобиколувајќи го притоа социјалниот и општествениот контекст". И потоа: "реинтерпретирани и ставени во една нова органска целина, елементите добиваат и извесни апсурдни, надреални својства. Нашата постмодерничката стварност е фрагментарна и згусната, па согласно на тоа, користам и таква сликарска постапка".

Авторот жестоко ги спротивставува сликите од историјата и современоста со различна или блиска содржина, упатувајќи на една сложена и оптоварувачка слика за стварноста. Корисна е мислата на големиот романтичар Ежен Делакроа кој советува "управување со страстите", како и "уништување на злите нагони кои владеат со срцето". Овој сликар по повод Рубенс забележал: "Неговото сликарство е преобилно" како и тоа дека "неговата слика потсетува на собрание на кое сите говорат во ист момент". Токму таквите белези, во нов клуч и комбинаторика важат за сликите на Ботев кој инсистира на ангажиран однос кон стварноста. Неговата техника е класична, кога слика на платно или користи комбинирана техника. Ботев користи постапка на монтажа на слики со различно или блиско значење со основната главно цитирана тема која во жесток ритам на контрасти и шокантни пресврти значително ја усложнуваат темата на сликата, како и нејзината содржина која се распрснува на повеќе фигуративни знаци и симболи. Ботев слика на фотографски прецизен начин, цитирајќи и парафразирајќи слики од модерната уметност или од медиумски проектираните слики кои агресивно нудат повеќе информации. Формата на стрипот не му е туѓа затоа што соодветствува на нагласената наративна структура на неговите слики.

Авторот на илустративен начин не воведува во мозаичниот лавиринт на значења кои се вознемирувачки и често неповрзани. Желбата да се каже многу на различен начин (меѓу другото со средствата на фотографијата, стрипот и филмот) и за различни теми (актуелниот тероризам и глобализмот, сексуалните девијации и хипокризијата, наркоманијата итн.) вродило со ефект на какофонија на натпреварувачките мотиви.




Подобри остварувања се оние во кои не доаѓа до израз директниот и суров политички коментар. Сепак, можеби токму платното "60 години егзодус" е најдоброто на изложбата. Спомнатиот скандал со рекламниот плакат не потсетува на други случувања во македонската уметност: како оној со предвременото затворање и бришење на плакатите за тематската изложба "Дрога" на Милош Коџоман II ( Центар за култура и информации, Скопје, 1973-1974), "12 апостоли на ВМРО" од Родољуб Анастасов (Музеј на град Скопје 2001) за која се создаде најголемо "досие" на реакции, перформансот "Пенетрација во ЕУ" од Александар Станковски (2006) со крајно директно искажување на уметниковиот став во кој се проткајуваше реакцијата на еротизмот и политичкото и одделни протести на уметниците по повод некој конкурс за јавен споменик и друго (Глигор Чемерски итн.). Густината на монтираните алегориски осмислени слики и фрагменти на Ботев е отсликана на темен екран кој не произведува секогаш многузначност на содржините туку повеќе шарена или контрастирана панорама на идеи и значење. Притоа, уметноста како "негативен ексцес" губи нешто од она што е суштествено за уметноста.

***Владимир Величковски***